

# МЕТАСТАТСКИ КАРЦИНОМ НА КОСКИ

Коски, бели дробови и црн дроб се најчестите органи каде што се шират клетките на карциномот, односно каде што метастазираат. Кога ќе дојдат до коските тие формираат нови метастатски тумори. Дали тоа значи дека имате карцином на коски? Не, вие сè уште имате тип на карцином кој ви е дијагностициран, но сега се проширил. Три до четири случаи на метастази во коските се резултат на тумори во дојки, простата, бели дробови и бубрези. Речиси 70% од пациентите со карцином на дојка и простата имаат метастази на коски. За симптомите и начините на лекување на метастази во коските, одговор побаравме од д-р Славица Кралева, онколог радиотерапевт во Клиничката болница „Аџибадем Систина“.

## ШТО СЕ МЕТАСТАЗИ НА КОСКИ?

Метастазите се јавуваат кога канцерогените клетки се шират на другите органи. Тие се одвојуваат од примарниот тумор и патуваат низ телото преку крвотокот или лимфниот систем. Кога канцерогените клетки ќе се прошират на далечните органи се нарекуваат метастази. Најчестите органи каде што се создаваат метастази се коски, бели дробови и црн дроб. Секој тип канцер претставува ризик за метастази на коските. Сепак, за некои типови карциноми е поголема веројатноста дека ќе се прошират на коските. Тука спаѓаат канцер на дојка, бели дробови, тироидна жлезда, простата и бубрези. Метастазите на коски може да се јават на која било коска, но најчести се на карлицата и ’рбетот.

## СИМПТОМИ

Болката во коските е првиот симптом на коскени метастази. На почетокот таа може да се појави и да исчезне, а со текот на времето пациентот може да чувствува поголеми и постојани болки при движење. Метастазите ги оштетуваат коските и ги прават слаби. Како последица на ова може да се јави скршеница и при најмал пад. М етастазите на коските го оштетуваат ткивото на коската, и како последица на ова калциумот се ослободува во крвотокот. Високите вредности на калциум може да бидат сериозен проблем и да предизвикаат мачнина, гадење, запек, дехидрираност па дури и кома. Како канцерогените клетки растат и се шират, тие создаваат притисок на околното ткиво. Така, доколку тие се во ’рбетниот столб, може да почнат да притискаат на ’рбетниот мозок. Кај пациентот се јавуваат ограничени движења, мускулна слабост, вкочанетост и проблеми со мокрењето. Притисок во ’рбетниот мозок е ургентна состојба бидејќи може да доведе до парализа. Третманот вклучува радиотерапија, хемотерапија и хирургија. Физикална терапија може да биде потребна за да се врати тонусот на мускулот.

## ДИЈАГНОЗА НА МЕТАСТАЗИ ВО КОСКИ

Дијагнозата на метастази во коските најчесто се поставува со скен на коски кој може да ја открие болеста во ран стадиум. Исто така, се препорачува и компјутерската томографија (CT), магнетна резонанца (MRI) и PET/CT. Од лабораториските тестови кои може да помогнат во дијагнозата е одредување на вредностите на калциум во крвта.

## ЛЕКУВАЊЕ НА МЕТАСТАТСКИОТ КАРЦИНОМ

Третманот се спроведува со лекови, радиотерапија и хирургија. Лекови за јакнење на коскеното ткиво: лековите кои вообичаено се користат во третман на остеопорозата, бисфосфонати, исто така, може да им помогнат на пациентите со метастази на коски. Овие лекови може да ги зајакнат коските и да ја намалат болката што се јавува како последица на болеста. Хемотерапија: доколку карциномот се проширил на повеќе коски, тогаш е потребна хемотерапија. Овие лекови кои се аплицираат венски, патуваат низ вашето тело и се борат со клетките на канцерот. Хормонска терапија: се дава доколку метастазите по- текнуваат од дојката или од простатата. Во третманот на овој карцином многу е важна контролата на болката за поквалитетен живот на овие пациенти. За таа цел се даваат лекови за контрола на болката. Радиотерапијата може да биде опција на третман кога болката не може да се контролира со лекови и да се превенира, доколку има опасност од фрактура на коската и компресија на ’рбетниот столб. Хируршки третман се користи во отстранување на метастазите од коските за кои постои опасност од кршење.

call center
02 3099 500
www.acibademsistina.mk